Градоначалникот на Град Скопје, врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), а согласно член 118 став 3 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15,39/16 и 99/18), решавајќи по Барањето на Друштво за земјоделско-сточарско производство, преработка и промет на големо и мало СКОВИН АД Скопје, со седиште на ул. 15-ти Корпус бр.3 Гази Баба, Скопје и Друштво за производство, трговија и услуги ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 5-ти Корпус бр.3, Гази Баба, Скопје за целосен пренос на Дозволата за усогласување со оперативен план бр.08/17-4490/7 од 30.12.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ВРШИ ЦЕЛОСЕН ПРЕНОС** на Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 08/17-4490/7 од Друштво за земјоделско-сточарско производство,преработка и промет на големо и мало СКОВИН АД Скопје на Друштво за производство, трговија и услуги ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ Скопје.
2. Решението за целосен пренос на Дозволата за усогласување со оперативен план ќе се објави во еден дневен весник, на сметка на барателот

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градоначалникот на Град Скопје по завршувањето на целокупната процедура предвидена со Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 ,39/16 и 99/18) на ден 30.12.2013 година донесе Решение за издавање на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.08/17-4490/7, на Друштво за земјоделско-сточарско производство, преработка и промет на големо и мало СКОВИН АД.

Согласно Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 ,39/16 и 99/18), како и Правилникот за постапката за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола (Службен весник на Република Македонија, бр.112/14 и 42/16), на 19.05.2020 година од Друштво за земјоделско-сточарско производство, преработка и промет на големо и мало СКОВИН АД Скопје и Друштво за производство, трговија и услуги ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ Скопје (понатаму: баратели) до Град Скопје (понатаму: надлежен орган), доставено е заедничко Барање за целосен пренос на Дозвола за усогласување со оперативен план 17-3874/1. По разгледување на доставеното барање надлежниот орган до барателите достави налог за надоместок при поднесување барање за целосен пренос на Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 17-3874/2 од 26.05.2020 година и Известување за корекција и дополнување на поднесеното барање бр. 17-3874/3 од 01.06.2020 година.
Барателите доставија барање за продолжување на рокот за бараното дополнување и корекција на поднесеното барање бр. 17-3874/4 од

03.07.2020 година, а надлежниот орган го одобри барањето за продолжен рок и до барателите достави известување бр. 17-3874/5 од 09.07.2020 година. Надлежниот орган до барателите достави допис известување бр. 17-3874/6 од 17.07.2020 година со кој побара да се достави извештај од Генерална еколошка ревизија. Извештајот од Генералната еколошка ревизија бр. 17-3874/7 од 05.02.2021 година, барателите го доставија до Надлежниот орган. По разгледување на поднесениот извештај од еколошката ревизија, Надлежниот орган на 07.04.2021 година излезе на увид и со записник бр. 17-3874/8 ги задолжи барателите за дополнување по констатираните забелешки. Барателите доставија дополнување по забелешки од записник по увид бр. 17-3874/9 од 15.04.2021 година.

Постапувајќи според член 118 став 3 од Законот за животна средина, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО** : Согласно член 126 став 2 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 157/13, 42/14 44/15,129/15, 192/15,39/16 и 99/18), против ова Решение може да се поднесе жалба до во писмена форма до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на донесување на решението.

Решено во Град Скопје, Градоначалник на Град Скопје, на 16. 06. 2021 година,
Под број 08-3874/10.

Доставено до:

- Архива
- Друштво за производство, трговија и услуги ВИНАРИЈАСКОВИН ГРУПА ДООЕЛ Скопје
- Сектор инспекторат на Град Скопје
- Министерство за животна средина и просторно планирање

**Градоначалник на Град Скопје**
**Петре Шилегов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT